РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 10-969/4

22 - 07 - 20 26 год.-viti

Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма „Фармација” од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) на англиски јазик, на Фрамацевтски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” - Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација” на англиски јазик на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” - Скопје
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-334/7 од 12.06.2026 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Фармацевтски факултет при Универзитет се обрати со барање бр.03-103/5 од 17.06.2026 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр.10-969/1 од 17.06.2026 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација” на англиски јазик на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” – Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 10-969/2 од 03.07.2026 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 18.06.2026 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 10-969/3 од 16.07.2026 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии (300 ЕКТС) по „Фармација” на англиски јазик на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” - Скопје, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21 58/24 и 124/25), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23, 97/24 и 60/26) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДИРЕКТОР,
Доц. Д-р Христина Серафимовска

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архивата на АКВО

изработил: Анета Атанасовска

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 24 -07- 2026			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	103/6		